**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ**
**За период Јануари - Декември 2014 година**

Алкалоид АД Скопје за периодот Јануари - Декември 2014 оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2014 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Алкалоид АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во 2014 година изнесуваат 5.933.925 илјади денари и во споредба со остварените во 2013 година бележат пораст од 2%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 97%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2013 година бележат пораст од 1%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во 2014 година изнесуваат 7.701.665 илјади денари и во споредба со остварените во 2013 година бележат пораст од 6%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 96%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2013 година бележат пораст од 4%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во 2014 година изнесуваат 5.210.018 илјади денари и во споредба со остварените во 2013 година бележат пораст од 1%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во 2014 година изнесуваат 6.955.618 илјади денари и во споредба со остварените во 2013 година бележат пораст од 5%.

**Дивиденда**

На 7 април 2014 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2013 година во износ од 286.271 илјади денари односно 200 денари бруто за една акција. Данокот на исплатената дивиденда изнесува 31.808 илјади денари. Исплатената нето дивиденда за 2013 година изнесува 180 денари за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во 2014 година изнесуваат 477.179 илјади денари.

**Обврски по кредити**

Вкупните консолидирани обврски по кредити на 31.12.2014 година изнесуваат 515.203 илјади денари и во споредба со состојбата на 31.12.2013 година бележат намалување од 17%.

**Нови вработувања**

Во периодот Јануари - Декември 2014 година во Алкалоид се реализирани 72 нови вработувања во Република Македонија.

## Поважни позиции од билансот на успех

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот Јануари - Декември 2014, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

### Единечни продажби на готови производи и услуги

(Во 000 Ден)

| | 2014 | | 2013 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| Пазар | Износ | % | Износ | % | 14/13 |
| Домашен пазар | 2.354.085 | 41 | 2.259.247 | 40 | 104 |
| Странски пазар | 3.429.653 | 59 | 3.444.944 | 60 | 100 |
| **Вкупно:** | **5.783.738** | **100** | **5.704.191** | **100** | **101** |

### Консолидирани продажби на готови производи и услуги

(Во 000 Ден)

| | 2014 | | 2013 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| Пазар | Износ | % | Износ | % | 14/13 |
| Домашен пазар | 3.175.437 | 43 | 3.122.867 | 44 | 102 |
| Странски пазар | 4.222.399 | 57 | 3.974.732 | 56 | 106 |
| **Вкупно:** | **7.397.836** | **100** | **7.097.599** | **100** | **104** |

### Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)

(Во 000 Ден)

| | 2014 | | 2013 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 14/13 |
| Единечна ЕБИТДА | 1.083.764 | 19 | 1.003.669 | 18 | 108 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 1.137.187 | 15 | 1.057.795 | 15 | 108 |

### Нето добивка

(Во 000 Ден)

| | 2014 | | 2013 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 14/13 |
| Единечна Нето добивка | 629.127 | 11 | 619.833 | 11 | 101 |
| Консолидирана Нето добивка | 618.454 | 8 | 600.426 | 8 | 103 |